BALKAN TENDER WATCH

Center for Civil Communications
Центар за граѓански комуникации

# ГЛАВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ ВО МАКЕДОНИЈА 2017/2018:

- Годишната вредност на набавките само за една година имаше рекорден пад од **35%**, што е намалување за повеќе од **300** милиони евра. Истата, намалена вредност се задржува и во 2018 година.
- Мал пораст има кај конкуренцијата на тендерите (од 2,97 понудувачи во 2016 на 3,33 во 2017), но значително растат и поништувањата на тендерите (2016: 23%, 2017: 24%, 2018: 27%).
- Стариот и многу критикуван Закон за јавните набавки е сè уште на сила, повеќе од година и половина по смената на власта. Со ваквото бавно реформирање, на системско ниво останаа старите проблеми, а на институционално ниво многу договорни органи продолжија со старите лоши практики.
- Новиот закон се очекува да почне да важи од пролетта 2019 година. Во фокусот се става исплатливоста на тоа што се набавува. Се воведуваат контрола и антикорупциски мерки. Клучни за целосната примена на законот ќе бидат добрата подготовка на лицата што ги вршат набавките и навремената изработка на подзаконските акти.

## ВРЕДНОСТ НА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ (МИЛ. €)



# БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА ВО ЈАВНИТЕ НАБАВКИ



- Системот за спречување на корупцијата во јавните набавки сè уште не е функционален. И натаму отсуствува меѓуинституционалната соработка во оваа смисла.
- Бројот на доставени жалби од фирмите за наводи за неправилности на тендерите остана многу низок (едвај околу 3% од објавените огласи за јавни набавки).
- Државниот завод за ревизија редовно посочува на неправилности при спроведувањето на тендерите, како резултат на извршените ревизии кај државните институции. Во 2018 година, до Обвинителството достави 12 извештаи, од кои два се поради оценка дека е сторено кривично дело/прекршок во јавните набавки. Едниот од нив е во предистражна постапка, а за другиот сè уште се проверуваат наводите.
- Во 2018 година, Јавното обвинителство отворило 39 предмети, со кои се опфатени 113 лица за сторено кривично дело од службено лице при вршење јавни набавки. За два предмети се поднесени обвинителни акти, за шест предмети е донесена наредба за спроведување истражна постапка, а 31 предмет се во предистражна постапка.
- Специјалното обвинителство се чини дека, барем засега, игра водечка улога во борбата против корупцијата во јавните набавки. Од вкупно оформените 24 предмети од ова обвинителство, шест се за злоупотреби во јавните набавки, од кои за три се водат судски постапки, а за другите три веќе има донесено пресуди. Во моментов се водат и шест нови истраги за сомневања поврзани со злоупотреба на службената положба во јавните набавки.
- Уште една во групата институции кои би требало да играат водечка улога во превенцијата на корупцијата во јавните набавки е Државната антикорупциска комисија. Настрана од фактот што оваа комисија не функционира речиси цела 2018 година, и во минатото таа не ја играше оваа своја улога на задоволителен начин. Во 2017 и 2018 година, оваа комисија не испрати ниту еден случај до Обвинителството за натамошно поведување постапка.
- Друга значајна алка во синџирот за борба против корупцијата која не функционира во таа насока е системот на јавна внатрешна финансиска контрола во институциите, вклучувајќи ги овде и внатрешните ревизори.
- Беспредметно е во контекст на спречување на корупцијата да се споменува улогата којашто треба да ја игра механизмот на заштитено пријавување, бидејќи Законот за заштита на укажувачи, иако е на сила уште од 2016 година, едноставно не функционира во Македонија.
- Дел од системот за борба против корупцијата во јавните набавки, но без некоја позначајна улога во последните години, се Комисијата за заштита на конкуренцијата, Финансиската полиција и Државниот правобранител.

# ЈАВНИТЕ НАБАВКИ ВО РЕГИОНОТ ВО 2017 ГОДИНА



Од земјите во регионот, јавните набавки имаат највисока вредност во Србија, 2,8 милијарди евра годишно. Следи БиХ со вредност повисока од една милијарда, додека другите три земји имаат значително пониски износи. Во однос на учеството на јавните набавки во бруто домашниот производ, тоа е највисоко во Црна Гора, 12,3%, а најниско во Македонија – само 6%. Просечниот удел на јавните набавки во БДП во анализираните земји изнесува 8%. Во Србија учеството во БДП е 7,2%, а во Косово 7,3%. Просечниот број на добиени понуди по тендер кај овие земји изнесува 3. БиХ со 1,97 и Црна Гора со 2,65 понуди се под просекот, Србија има колку и просекот, а Македонија со 3,33 и Косово со 4,2 се над просекот.

## ВРЕДНОСТ НА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ ВО РЕГИОНОТ, 2017 (МИЛ. €)







## ТРЕНДОВИ ВО ВРЕДНОСТА НА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ (МИЛ. €)




## ЗА БАЛКАН ТЕНДЕР ВОЧ

Коалицијата Балкан тендер воч го спроведува истоимениот проект со цел да го зголеми влијанието на граѓанското општество од земјите од Западниот Балкан врз антикорупциските политики и практики за време на целиот циклус на јавни набавки, со искористување на евроинтеграцијата како трансформативна агенда.

Ова се постигнува преку:

- Зголемување на антикорупциската заедница во Западниот Балкан за засилување на иницијативите за застапување засновано врз факти, како и мониторинг врз јавните набавки и врз политиките во оваа област;
- Влијание врз владите да воведат реформи насочени кон воспоставување одговорни системи на јавни набавки, усогласени со правилата на ЕУ, и градење сојузи со јавните институции кои сакаат да се вклучат во реформите;
- Обезбедување сеопфатни и навремени информации за состојбата во јавните набавки поврзани со интеграцијата во ЕУ во поглавјата 5, 8 и 23, со што се подобрува влијанието на 'грасрут' и други видови на граѓански организации кои работат врз постигнувањето позитивни промени на локално ниво.

Повеќе информации за проектот: http://www.balkantenderwatch.eu/

Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка од Европската Унија во рамките на проектот „Балкан Тендер Воч". Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Центарот на граѓански комуникации и на ниту еден начин не може да се смета дека ги изразува гледиштата на Европската Унија.

Контакт/Издавач: Центар за граѓански комуникации, бул. Кочо Рацин 26-1/2, 1000 Скопје, (02)3213-513, center@ccc.org.mk